


Регионот на Западен Балкан не се движи кон демократска консолидација. Новите податоци од Дијагностиката за проценка на заробеност на државата (СКАД) и Системот за мониторинг на корупцијата (ЦМС) на СЕЛДИ, претставени во Регионалниот извештај за борба против корупцијата, укажуваат на три главни заклучоци. Заробеноста на државата е длабоко вкоренето низ целиот регион. Институциите за отчетност, судовите и медиумите остануваат под силно политичко и приватно влијание. Заробените институции сè повеќе стануваат влезна точка за странско авторитарно влијание.




## Заробеност на државата: нема движење кон демократска консолидација




# Отчетност: институциите, судовите и медиумите се заробени





Неефикасните антикорупциски политики е највисоко оценетиот институционален фактор што овозможува заробување на државата во сите пет оценувани земји. Овој фактор достигнува 76% во Босна и Херцеговина и 75% во Србија. Црна Гора покажува најголема отпорност според сите четири индикатори. Наодите ја нагласуваат потребата од премин од донесување антикорупциски стратегии кон нивно спроведување, особено

во случаите на корупција на високо ниво.

Експертите го гледаат судството изложено на силно политичко и на приватно влијание. Северна Македонија бележи највисоко перципирано политичко (95%) и приватно (89%) влијание врз правосудниот систем, а потоа следуваат Србија и Босна и Херцеговина. Дури и во Црна Гора, предводникот во регионот на патот кон ЕУ, половина од експертите гледаат несоодветно политичко влијание врз судовите.

Ниту една земја во регионот не ја достигнува барем средината на скалата за независност на регулаторите и независност на медиумите. Албанија бележи највисок резултат, 48% во двете категории. Додека, Србија е блиску до нула, со 3% за независноста на регулаторите и 6% за независноста на медиумите.

## Стратешка корупција: заробените институции како влезни точки за странско влијание




Јавните набавки сочинуваат помеѓу 8,8% и 16,5% од БДП во регионот, што ги прави владите најголем набавувач во многу сектори. Сепак, понудите со еден понудувач се претворени во норма. Во Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија, околу половина од сите постапки за набавки привлекуваат само еден понудувач.

Странските актери ги искористуваат домашно заробените институции како влезни точки за контрола. Загриженоста е најголема во Србија. Таму 87% од експертите сметаат дека инвестициите од земји надвор од ЕУ и ОЕЦД се политички мотивирани, а 83% веруваат дека странски субјекти надвор од ЕУ контролираат сектори од економијата. Следува Босна и Херцеговина, со 63% и 73%, соодветно.

Повеќето граѓани се сомневаат дека корупцијата може значително да се намали. Големи мнозинства во Албанија (76%), Северна Македонија (67%) и Босна и Херцеговина (66%) веруваат дека тоа не е можно. Косово* е исклучок: 63% од граѓаните таму гледаат простор за промени.

Наодите покажуваат ланчан самозасилувачки циклус. Секојдневнот поткуп ги одржува заробените институции. Заробените институции ги покоруваат судовите, регулаторите и медиумите. Слабата отчетност, пак, ја отвора вратата за политички мотивирани странски инвестиции и ја еродира јавната поддршка за интеграцијата во ЕУ. Прекинувањето на овој циклус бара спроведување на постојните антикорупциски обврски, вистински независни судства и регулатори, како и транспарентни и конкурентни јавни набавки.

Преземете ги инфографиците
Преземете го Регионалниот извештај

*Овој назив не ги прејудицира ставовите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на ОН и Мислењето на Меѓународниот суд на правдата за прогласувањето на независноста на Косово.